*Епизода 4:* ***Проценка на веродостојноста на информациите  и вестите***

***Најавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Добре дојдовте назад во „Медиумска писменост 101," радио-програма чија цел е да ги едуцира и оспособи слушателите како да се движат низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

***Звук 1: Како да знаеме дали информацијата е веродостојна?***

**ВОДИТЕЛ:** Она што го гледаме онлајн е создадено од комплексни алгоритми, кои не профилираат и не класифицираат зависно од нашите желби и пребарувањата кои ги правиме.  Рекламирањето кое следи  потоа е насочено и приспособено за да и обезбеди поголем приход на конкретниот социјален  медиум. Ова исто така значи дека гледаме информации што одговараат со информациите кои ги бараме или не интересираат  и се поврзуваме со луѓе кои имаат слични ставови кои ги потврдуваат нашите верувања. Доколку сите кои го следат социјалниот медиум веруваат  во истите информации како и ние и ги споделуваат истите, тоа само дополнително ги потврдува нашите веќе утврдени стереотипи и погрешно изградени ставови и дополнително ја отежнува можноста за критички  да ја анализираме информацијата која ја примаме. Во претходните епизоди, веќе научивме дека како што стареeме,  стануваме полековерни и имаме поголема доверба во оналјн врските и контактите преку Интернет и исто така голема е веројатноста  сите информации кои ги слушаме или читаме, да ги прифатиме како вистинити без претходна проверка.

Свесноста за овие алгоритми и различните информации кои ги добиваме е првиот чекор кој треба да го направиме со цел критички пристап кон сите информации.

***Звук 2: Совети и насоки за проценка на нови извори и ресурси***

**ВОДИТЕЛ:** Со толку многу информации кои ни се достапни онлајн, навистина е тешко да селектираме во што да веруваме, а во што не. Ќе ви презентираме неколку совети како да ја проценувате верoдостојноста на новите извори онлајн:

Кога читате вести или нови информации, прво осигурајте се дали:

1. **Веста/ информацијата е валидна и точна -** фактите се точни, верoдостојни и можат да се проверат.
2. **Веста/ информацијата е неточна**- Информацијата најчесто е нецелосна или е надвор од контекст.

3. **Веста/информацијата е лажна**- Информација која со сигурност е неточна, поткрепена со факти
4. **Вест/информација која не може да се потврди, ниту пак да се негира**- Информација за која не постојат доволно факти да ја потврдат, ниту пак да ја негираат и отфрлат

Постојат повеќе начини на кои можете да го сторите тоа.

- Побарајте извори кои имаат добра репутација и се веродостојни , точни и објективно ја прикажуваат реалноста.
- Проверете го домеин името на изворот на информацијата за да се осигурате дали информацијата доаѓа од веродостоен сајт. Веб-сајтовите со следните домени ( кои се наоѓаат на крајот од URL) вообичаено споделуваат веродостојни информации:

.gov ( Владино тело)

.org ( Регистрирана организација)

.edu ( Образовна институција)

- Побарајте го синото знакче за да проверите дали профилот е автентициран. Повеќето јавни личности и познати медиуми го имаат.
- Проверете го авторот и неговата експертиза во конкретната област
- Осигурајте се дека домеин името соодветсвува со името на организацијата. Често пати може да постојат правописни грешки.
- Проверете дали има доволно информации за контакт и “About” на страната кога барате повеќе информации околу организацијата и услугите кои ги нуди.
- Барајте извори кои располагаат со доволно докази кои можат да ги потврдат нивните тврдења
- Проверете кога била објавена статијата, можеби станува збор за стара вест која веќе излегува од контекст или стара слика која намерно се употребува за да предизвика забуни. Бидете внимателни со страни кои намерно употребуваат провокативен речник.Повеќето лажни вести користат наслови со големи букви и извичници.
- Дали конкретната објава предизвикува емоционални чувства, како на пример страв, паника, вина или емпатија? Овие постови се намерно креирани за да ги охрабрат другите да продолжат да ги споделуваат и понатаму.
- Дали постот станува вирален на платформи кои не се добро проверени или се слабо надгледувани?

- Секогаш пристапувајте со резерва кон информации кои ги потврдуваат вашите веќе постоечки мислења или уверувања.
- Бидете внимателни како ја составувате реченицата кога пребарувате нешто на Интернет. На пример, користете фрази како следната: „Споредба помеѓу "Iphone и Android" , наместо „Дали iphone е подобар од Android". Доколу ја внесете втората фраза, пребарувачот намерно ќе ви понуди информации кои ќе ви ја претстават само едната страна, прикажувајќи ви колку iphone е подобар од Android..

***Звук 3: Предупредувачки знаци на кои треба да се внимава***

**ВОДИТЕЛ:** Постојат повеќе нешта на кои треба да внимавате додека ја проверувате веродостојноста на изворот на информацијата:

* Провокативни наслови чија цел е да привлечат внимание или да предизвикаат одредена реакција
* Не е наведен авторот или изворот на информацијата
* Недостаток на докази или факти кои ги поткрепуваат тврдењата
* Користење на речник кој е насочен кон одредена политика или е полн со предрасуди и стереотипи

***Звук 4: Улогата на организациите кои ги проверуваат фактите***

**ВОДИТЕЛ:** Организациите кои проверуваат факти играат голема улога во процесот на одделување на вистинските од лажните информации. Овие организации проверуваат нови објави, вести и информации и ја проверуваат нивната точност/неточност. Некои од популарните организации за проверка на факти се:

Snopes: snopes.com/

PolitiFact: politifact.com

Fact Check: factcheck.org/

BBC Reality Check: bbc.com/news/reality-check

Channel 4 Fact Check: channel4.com/news/factcheck

Reverse image search from Google: google.com/reverse-image-search

***Звук 5: Гостин-говорник (Може и новинар)***

**ВОДИТЕЛ:** Нашиот гостин денес е ........ кој/а ќе ни го пренесе неговото искуство за погрешното или лажното информирање.

***Звук 6: Заклучок***

**ВОДИТЕЛ:** Во следната епизода подетално ќе ги разгледаме онлајн медиумите и ќе објасниме некои од термините кои се поврзани со лажните вести.

**ВОДИТЕЛ:** Приклучете се наредната недела во  следната епизода од „Медиумска писменост 101."Во меѓувреме, не заборавајте да го проверите нашиот вебсајт за повеќе информации и корисни линкови и извори поврзани со медиумската писменост.

***Одјавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Ви благодариме што се приклучивте во нашата емисија  „Медиумска  писменост 101." До следно видување, останете информирани, љубопитни и медиумски писмени

***Завршна музика***